

Еден ден, во Габровата шумичка се појави таинствен предмет. Од едната страна беше тркалезен, од другата тенок, а внатре имаше оптегната мрежа. Можеби паднал од авион, или од ранец, кој знае! Еленот Еленовски го фати предметот со роговите и ѝ го однесе на умната Нивка, која беше најпаметна во целата шума.







Живка не можеше да ги мрда крилјата зашто до неодамна беше болна, па леташе со фотеља на балони. Внимателно го разгледа предметот и рече:
–Тоа е рекет. Луѓето го држат в рака и со него удираат топче, но зошто го прават тоа, не знам ниту јас. Звучи како ракета.
Токму во тој миг, над габровата шумичка изгреа Месечината, тркалезна и светла како свежа крофна.